
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 41	19.07.2024 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, ЈУЛИ 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за усвојување на Финансискиот план за работа на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2024 година

Се прогласува Одлуката за усвојување на Финансискиот план за работа на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2024 година , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024 год.

Бр. 09-1337/1
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ„ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетипрвата седница на Советот на Општина Јегуновце одржана на ден 19.07.2024 год донесе:

О Д Л У К А

за усвојување на Финансискиот план за работа на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2024 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот план за работа на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2024 година, донесен од страна на УО ОЈП ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце бр. 02-392/3 од 17.07.2024 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/3
19.07.2024 год
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2024 год.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2024 год. , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024 год.

Бр. 09-1337/2
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на четириесетипрвата седница одржана на ден 19.07.2024 год. донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2024 г.

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2024 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/4
19.07.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за пренесеување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор, сопственост на Општина Јегуновце на Министерство за дигитална трансформација

Се прогласува Одлуката за пренесеување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор, сопственост на Општина Јегуновце на Министерство за дигитална трансформација , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024 год.

Бр. 09-1337/3
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 21 точка 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весникна РМ„бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и 101/19), Советот на Општина Јегуновце на четириесетипрвата седница одржана на ден 19.07.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За пренесување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор,сопственост на Општина Јегуновце на Министерство за дигитална трансформација

Член 1

Со оваа одлука се пренесува правото на времено користење на дел од деловен простор(канцеларија)во приземјето на зграда на ул.101 бр.бб на КП бр.830/15 и 830/16 на КО Јегуновце, на Министерството за дигитална трансформација.

Член 2

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се одстапува на времено користење во времетраење од 5(пет)години на Министерството за дигитална трансформација,согласно склучен меморандум за соработка заведен под арх.бр.03-1339/1 од 19.07.2024 год.

Користењето на имотот ќе биде без надомест заради потребата од меѓусебна соработка со цел обезбедување поквалитетни и подостапни услуги за граѓаните.

Член 3

Сите трошоци за одржување и користење на недвижниот имот(канцеларија)-дел од деловен простор(трошоци за тековно одржување ,струја вода,греење,ладење,интернет конекција)ќе ги сноси општина Јегуновце.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Јегуновце да склучи договор со претставникот на Министерството за дигитална трансформација,со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижниот имот-деловен простор(канцеларијата) со канцелариското инвентор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/5
19.07.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Јегуновце , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024 год.

Бр. 09-1337/4
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02) и член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија бр.29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016, 83/2018 и „Сл. весник на РСМ бр. 215/2021) и член 13 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016, 83/2018 и„Сл. весник на РСМ бр. 215/2021), како и Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање за заштитата и спасувањето (Сл. Весник на РМ бр.76/06) Советот на Општина Јегуновце на четириесетата седница одржана на ден 19.07.2024 год. донесе :

О Д Л У К А

За донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Планот за заштита од природни непогоди и други несреќи на Општина Јегуновце .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/6
19.07.2024 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за усвојување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Јегуновце од природни непогоди и други несреќи

Се прогласува Одлуката за усвојување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Јегуновце од природни непогоди и други несреќи, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024 год.

Бр. 09-1337/5
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02) и член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија бр.29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016, 83/2018 и „Сл. весник на РСМ бр. 215/2021) и член 11 став 4 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016, 83/2018 и„Сл. весник на РСМ бр. 215/2021), а согласно Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06) Советот на Општина Јегуновце на четириесетипрвата седница одржана на ден 19.07.2024 год. донесе :

О Д Л У К А

За усвојување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Јегуновце од природни непогоди и други несреќи

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Јегуновце од природни непогоди и други несреќи.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/7
19.07.2024 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за формирање на Просторен штаб за заштита и спасување

Се прогласува Одлуката за формирање на Просторен штаб за заштита и спасување , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024 год.

Бр. 09-1337/6
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) а во врска со член 34 став 1 точка 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ бр.93/12) Советот на Општина Јегуновце на четириесетипрвата седница одржана на ден 19.07.2024 год. донесе

О Д Л У К А
За формирање на Просторен штаб за заштита и спасување

Член 1

Со оваа Одлука се формира Просторен штаб за заштита и спасување.

Составен дела на оваа Одлука е прегледот на персонален и материјален состав на Просторен штаб за заштита и спасување (ПШЗС) и истиот не се објавува во „Службен гласник на Општина Јегуновце.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/8
19.07.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за формирање на Просторни сили за заштита и спасување

Се прогласува Одлуката за формирање на Просторни сили за заштита и спасување, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024 год.

Бр. 09-1337/7
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) а во врска со член 34 став 1 точка 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ бр.93/12) Советот на Општина Јегуновце на четириесетипрвата седница одржана на ден 19.07.2024 год. донесе

О Д Л У К А
За формирање на Просторни сили
за заштита и спасување

Член 1

Со оваа Одлука се формираат Просторни сили за заштита и спасување.

Составен дел на оваа Одлука е прегледот на персонален и материјален состав на Универзалната единица за заштита и спасување во јачина на вод 40341 и истиот не се објавува во „Службен гласник на Општина Јегуновце.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/9
19.07.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за пренесеување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор, сопственост на Општина Јегуновце на Организација на резервни офицери на Република Северна Македонија

Се прогласува Одлуката за пренесеување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор, сопственост на Општина Јегуновце на Организација на резервни офицери на Република Северна Македонија, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024 год.

Бр. 09-1337/8
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 21 точка 1 и 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весникна РМ„бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и 101/19),а по барање бр. 09-1092/1 од 14.06.2024 год. од Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија, Советот на Општина Јегуновце на четириесетипрвата седница одржана на ден 19.07.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За пренесување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор,сопственост на Општина Јегуновце на Организација на резервни офицери на Република Северна Македонија

Член 1

Со оваа одлука се пренесува правото на времено користење на просторија во зградата на поранешна општина Вратница,сопственост на општина Јегуновце која е запишана во ИЛ БР.3238 КП бр,1660 со цел отворање на спомен соба во која ќе бидат изложени фотографии и делови од паднатиот бомбардер Б-24.

Член 2

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се одстапува на времено користење во времетраење од 5(пет) години.

Користењето на имотот ќе биде без надомест .

Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Општина Јегуновце да склучи договор со претставник на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на просторијата наведена во член 1 од оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/10
19.07.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 19.07.2024год.

Бр. 09-1337/9
19.07.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на четириесетипрвата седница одржана на ден 19.07.2024 год., го разгледа барањето од градоначалник на Општина Неготино и донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Општина Неготино и се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 40.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобрува финансиска помош согласно настанатата ситуација со пожарите во општина Неготино.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1316/11
19.07.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлука за усвојување на Финансискиот план за работа на Општинско Јавно претпријатие за вршење комунални работи Јегуновце с.Јегуновце за 2024 година..... 1

2. Одлука за усвојување на Финансискиот план за работа на Општинско Јавно претпријатие за вршење комунални работи Јегуновце с.Јегуновце за 2024 година..... 2

3. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Јегуновце за II квартал 2024 год. 3

4. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Јегуновце за II квартал 2024 год. 4

5. Решение за прогласување на Одлука за пренесување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор, сопственост на Општина Јегуновце на Министерство за дигитална трансформација..... 5

6. Одлука за пренесување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор, сопственост на Општина Јегуновце на Министерство за дигитална трансформација 6

7. Решение за прогласување на Одлука за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Јегуновце 7

8. Одлука за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Јегуновце 8

9. Решение за прогласување на Одлуката за усвојување на Процена на загрозеност на Подрачјето на Општина Јегуновце од природни непогоди и други несреќи 9

10. Одлука за усвојување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Јегуновце од природни непогоди и други несреќи..... 10

11. Решение за прогласување на Одлуката за формирање на Просторен штаб за заштита и спасување 11

12. Одлука за формирање на Просторен штаб за заштита и спасување 12

13. Решение за прогласување на Одлуката за формирање на Просторни сили за заштита и спасување 13

14. Одлука за формирање на Просторни сили за заштита и спасување 14

15. Решение за прогласување на Одлуката за пренесување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор, сопственост на Општина Јегуновце на Организација на резервни офицери на Република Северна Македонија 15

16. Одлука за пренесување на правото на времено користење на недвижен имот дел од деловен простор, сопственост на Општина Јегуновце на Организација на резервни офицери на Република Северна Македонија 16

17. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош 17

18. Одлука за одобрување на финансиска помош 18